служните личности за тоа. Тој и во своите „Мемоари“ на тие настани им дал и посебно место. Но документите што беа донесени и потпишани од П. Чаулев, Т. Александров и А. Протугеров, од последните двајца беа набрзо поречени.

Тие се откажаа од секакви спогодби и си ја продолжија својата политика, на убијци, палачи и предавници на македонскиот народ.

Во „Мемоарите“, Влахов ги дал и трите документи од таа спогодба, Декларацијата, Протоколот и Манифестот.

Тогаш Влахов се одаде на својата активност да ги прибере и организира чесните македонски дејци за создавање на една македонска револуционерна организација и таква беше создадена. Тоа беше ВМРО (обединета) чиј орган беше „Македонско дело“.

„Како што се гледа, таа организација зборува за независна Македонија, и за независноста на македонското ослободително движење од какво и да е влијание на малите и големите европски држави“. (стр. 252).

Влахов го дава ова по изнесувањето на принципите на новата организација, дадени особено во т.н. „Мајски манифест“.

Во „Мемоарите“ е дадена дејноста на авторот додека се наоѓал во Виена, Берлин и Париз и неговиот придонес за запознавање на напредната општествена јавност во Европа со македонското прашање.

Влахов се среќава скоро на сите конгреси и конференции на разни меѓународни организации. Се движи во кругот на најголемите напредни општествено политички дејци во Европа.

Во „Мемоарите“ се наоѓаат и голем број податоци за работата на Влахов во Балканска Федерација, Балканскиот револуционерен центар и многу други организации во кои тој бил член, а во некои и виден раководител.

Неоспорно е дека во „Мемоарите“ има некои неправилни гледишта по некои настани, или личности на пр. карактеристиката за СССР во некои моменти и сл.

Меѓутоа, не може да се намали вредноста на оваа книга, особено што опфаќа еден доста голем период настани сврзани не само со Македонија, туку и такви кои посредно имале влијание и во неа.

На крајот како прилог кон „Мемоарите“ се дадени и 21 фотографија, од животот на Димитар Влахов и неговото потесно семејство.

**Д. П.**

**СТРУГА И СТРУШКО — Собрание на општина Струга, Струга 1970, 438**

Монографијата за Струга и Струшко што минатата година се појави пред нашата научна и културна јавност — заслужува посебно внимание.

Монографијата концепциски е мошне среќно решена. Таа содржи написи од областа на историјата, стопанството, културата, уметноста, образованието, здравството и физичката култура.

Книгата ја редактирале: Илија Каланоски, Владо Малески, Павле Митрески (претседател), Јован Стрезовски, Тодор Трајаноски и Петар Чакар.

Собранието на општина Струга ја издало оваа монографија во мошне луксузна опрема. Книгата е богато илустрирана. Нацртот на корицата е на познатиот македонски академски сликар Димитар Кондовски.

Оваа монографија се јавува како колективен труд на 23 автори, меѓу кои се наоѓаат и истакнати истражувачи на македонското научно и културно поле.

За одбележување е фактот што написите содржат резимеа на англиски јазик со што е овозможен пристап на странската научна јавност.

Во почетокот Редакцијата дала краток предговор на македонски и англиски јазик.

Монографијата содржи увод и четири дела. На крајот е дадена библиографија, како и индекс на личните имиња.

Уводниот дел на монографијата (11—37), е посветен на природно-географските одлики, како и на демографските движења во овој регион. Д-р Гиго Милески накратко се осврнува на положбата, климата, хидрографијата, географските и стопанско-географските карактеристики, како и на населбите и населението во ова подрачје.

Следните страници се посветени на демографските движења во Струга и Струшко. Ова прашање го разгледува Крстан Поповски. Во неговиот напис се поместени бројни табели кои ги илустрираат миграционите движења и емиграционите струења во овој регион.

Во првиот дел на монографијата (стр. 41—149) е опфатен историскиот развој на Струга од античките времиња до првите децении на XX век од Д-р Д. Хр. Константинов.

Најпрвин авторот се осврнува на потеклото на името Струга, а потоа накратко ги опфаќа претсловенскиот период, населувањето на Словените, времето на Климент Охридски, Самуиловото царство и периодот по неговата пропаст, Струга во границите на српското царство, турските освојувања, зацврстувањето на турската власт во Струшко, заживувањето на грчката пропаганда, како и положбата кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век. Главниот акцент авторот го ставил на XIX и почетокот на XX век.

Меѓу другото, авторот истакнува: „Во еден запазен документ од 29 мај 1818 година содржината е напишана на македонски јазик но со грчки букви“ (53). Притоа авторот ги апострофира зборовите на Снегарова: „Во првите десетлетија на XIX век некои писмени стружани го знаеле грчкото писмо, се служеле со него за свои практични потреби, но пишувале на својот роден јазик, додека постепено надвладеала навиката да пишуваат на грчки јазик“ (стр. 53).

Авторот посебно се задржува на Преродбата и нејзините главни носители — браќата Миладиновци. Потоа, Константинов се осврнува на засилениот бран на националното осознавање, како и на стопанството во Струшко во XIX век (особено на прочуениот струшки панаѓур). Потоа, говори за Струшко во подготовките за претстојните борби за национално ослободување на македонскиот народ, за дејноста на ВМРО во овој регион, за периодот по Илинденската епопеја, како и за положбата на ова подрачје во Балканските и Првата светска војна.

Илија Калaноски во написот „Националноослободителната војна и ре-

волуцијата“, најпрвин, сосем кратко, се осврнува на периодот меѓу двете светски војни. Потоа, поопширно се задржува на: првите денови на окупацијата, формирањето на партиската организација и подготовките за вооружена борба, состојбата на партиската организација и отпорот против окупаторот во 1942 година, како и на натамошниот развој на НОВ во Струга и Струшко. Натаму говори за првите партизански одреди и состојбата до средината на 1943 год.; за капитулацијата на Италија и борбите за одбрана на слободната територија, за 1944 година и за борбите за конечно ослободување на Струга и Струшко. Потребно е да се нагласи дека авторот мошне сликовито го предава придонесот на Струга и Струшко во НОВ и Народната револуција.

Следниот напис Павле Митрески и Тодор Трајан го посветиле на развојот и организацијата на народната власт, почнувајќи од првите органи на народната власт во НОВ — па сè до наши дни.

„Хронологијата на општественополитичките организации“ (1944—69) на Коста Пејоски го заклучува првиот дел.

Вториот дел (153—237) е посветен на стопанството. И. Нелоски говори за стопанството на општина Струга; Е. Чакареска за земјоделството во периодот од 1944—68 г.; Г. Ќелешовски за шумите како природно и стопанско богатство. На крајот е поместен написот на К. Мисовски „Дваесет и пет години комунална и урбанистичка дејност“.

Третиот дел (241—386) ја опфаќа уметноста, културата и образованието.

Во написот на проф. Крум Тошев се изнесени битните карактеристики на струшкиот говор. Веднаш потоа доаѓа написот на А. Алексиев за придонесот на Струга и Струшко во развојот на македонската литература. Петар Чакар го разгледува мошне интересното прашање: „Зошто Зборникот на народни песни на Миладиновци не излегол под името на тројцата браќа“. Следува освртот на Струшките вечери на поезијата (1961—69) од Јован Стрезовски. Написот на акад. Димче Коцо претставува синтеза на досегашните сознанија за културните споменици во Струга и Струшко. Следниот напис на Цветан Грозданов претставува минуциозно понирање во суштината на ѕидното сликарство и иконописот во струшкиот крај. С. Голабовски и В. Николовски се осврнуваат на музичкото минато и сегашност на Струга. А. Салих прави преглед на народната материјална култура. И. Каланоски и Т. Парталоски говорат за културните дејности во Струшко низ податоци за позначајните институции и асоцијации. На крајот од III дел Т. Трајаноски го разгледува развојот на школството во Струга и Струшко.

Последниот, четврти дел (389—412) е посветен на здравството и физичката култура.

Овде се поместени написите на Д-р Р. Стојановски и Р. Пљакоски за здравствената служба — и на Б. Чакарески — за физичката култура во општина Струга.

Монографијата за Струга, вака презентирана, претставува користен прирачник за секој љубител и истражувач на овој регион на Македонија.

**Д. Д.**